Школа за женски активизам – деветта генерација

# КОНКУРС
# Школа за женски активизам деветта генерација

Форумот на жени на СДСМ веќе осум години успешно спроведува политичка едукација на членките на СДСМ. Школата за женски активизам ќе им овозможи на учесничките теоретско знаење и практична обука во насока на подобро разбирање на родовите аспекти, но и ќе го продлабочи нивното знаење за конкретни родови прашања кои се однесуваат на учеството на жената во политиката. Преку активностите на Школата за женски активизам, учесничките ќе се сензибилизираат за теми од областа на родовата еднаквост и родовата интеграција, родово базираното насилство и дискриминација, зајакнувањето на жената, родово анализирање и буџетирање, како и низа други прашања кои директно се однесуваат на родовата димензија. Овие цели ќе се реализираат во рамките на четири циклуси на дводневни викенд-семинари во периодот од **мај до ноември 2023** година и тоа:

Прв модул: 27 - 28 Мај 2023
Втор модул: 24 - 25 Јуни 2023
Трет модул: 23 - 24 Септември 2023
Четврт модул: 4 - 5 Ноември 2023

## Услови за учество

Право да конкурира за учество на Школата за женски активизам има:

- ✔ Секоја членка на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија,
- ✔ Да ги застапува социјалдемократските вредности,
- ✔ Сака да биде активна во општествениот и политичкиот живот во Северна Македонија,
- ✔ Да поседува комуникациски и презентациски вештини.

## Потребни документи за учество

- 1. Биографија (CV) со наведени контакт-податоци
- 2. Писмо за мотивација

## Селекција на кандидатки

Селекцијата ќе се одвива во две фази.

Во **првата фаза** кандидатките ќе бидат селектирани врз основа на личните постигнувања (вклучувајќи го неформалното образование и политичкото искуство) наведени во биографијата и писмото за мотивација.

Во **втората фаза** кандидатките кои ќе се квалификуваат ќе бидат известени и повикани на усно интервју. За одржување на усното интервју, квалификуваните кандидатки ќе бидат дополнително информирани.

Избраните учеснички на Школата за женски активизам ќе бидат известени.

Непотполни документи нема да се разгледуваат!

## Поднесување на документи

Документите е потребно да се доставаат најдоцна до **30 април 2023 година** на:
е-маил: skola.zenskiaktivizam@gmail.com
или по пошта на адреса: СДСМ, ул.„Павел Шатев“ бр.8
(со назнака за Форум на жени на СДСМ – Школа за женски активизам).